**Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица**

**Службен весник на Р. Македонија бр. 103/08 од 19.08.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2003 година), во членот 3 став 2 зборовите: „октомври 2011 година“ се заменуваат со зборовите: „ноември 2010 година“.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.